MACEDONIAN

# Commonwealth Ombudsman

Сојузниот Правобранител е независно лице кое испитува жалби против австралиските владини оддели.

## Улогата на Правобранителот

Правобранителот може да испитува жалби против речиси сите владини оддели, вклучувајќи ги Социјалното осигурување (Centrelink), Управата за приходи (Tax Office), Одделот за детски додаток (Child Support Agency) Одделот за имиграција (Immigration Department) и Австралиската пошта (Australia Post).

Правобранителот е оној кој решава дали некоја постапка или решение се погрешни, произволни, неправедни или дискриминаторски. Тој е исто така одговорен да го испита доцнењето или непреземањето на определени дејствија.

Од друга страна пак, Правобранителот не може да испитува жалби во врска со приватни лица или компании, судски одлуки или постапки или решенија донесени од страна на државната или локалните влади, државните министри или определени владини претпријатија.

Правобранителот е непристрасен и обврзан да донесе праведно решение.

Правобранителот работи со цел да ја подобри државната администрација и да спречи повторно појавување на истите проблеми.

## Овластувања на Правобранителот

Правобранителот има широки овластувања да испитува жалби и дури може да ги принуди службениците да врачат определени документи или да одговорат на определени прашања.

Ако Правобранителот најде грешка во администрацијата, тој може да препорача тој оддел да ја поправи грешката или да понуди помош.

Тој може, на пример, да препорача одделот да достави образложение или извинување, да ја измени или дополни одлуката, да отпише долг или да плати оштета.

## Како да поднесете жалба

Пред да се јавите во канцеларијата на Правобранителот треба да се обидете да го решите проблемот со тоа што ќе се јавите на административниот оддел против кој е жалбата, односно да се јавите на службата за поплаки, доколку има таква. Ако се жалите на некое решение, најпрвин треба да побарате повторно разгледување на решението, ако е тоа можно.

Правобранителот има канцеларии во сите главни градови на државите и териториите. Жалбата може да ја поднесете лично, или преку телефон, писмо, факс или електронска пошта.

На Правобранителот можете да му се јавите на телефон 1300 362 072 по иста цена како за локален повик.

Исто така можете да овластите некој друг, на пр. пријател, роднина, лице вработено во месната заедница, кои можат да поднесат жалба во ваше име.

Лицата кои не зборуваат англиски,а сакаат да разговараат со Правобранителот можат да контактираат со него преку Службата за преведување (Translation and Interpreting Service) на телефон 131 450 или пак можат да поднесат писмена жалба на својот јазик.

## Доверливост и цена

Испитувањето на жалбата е доверливо и бесплатно.

# Вие имате право да се пожалите

Овие информации служат само како водич. За повеќе информации ве молиме јавете му се на Сојузниот Правобранител.

## Јавете ни се

Можете да му се јавите на најблискиот Сојузен Правобранител по цена на локален повик со тоа што ќе ја повикате

1300 362 072 – **Националната линија за жалби на**
(Забелешка: Повиците од мобилен телефон ќе бидат наплатени по цената за повици од мобилен телефон)

Email ombudsman@ombudsman.gov.au
Web www.ombudsman.gov.au

### КАНЦЕЛАРИИ НА СОЈУЗНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**ADELAIDE**
Tel 1300 362 072
Fax 08 8226 8618
Level 5, 50 Grenfell Street
Adelaide SA 5000

**BRISBANE**
Tel 1300 362 072
Fax 07 3229 4010
Level 17, 53 Albert Street
Brisbane QLD 4000

**CANBERRA & NATIONAL OFFICE**
Tel 1300 362 072
Fax 02 6249 7829
GPO Box 442
Canberra ACT 2601

Ground Floor, 1 Farrell Place
Canberra City ACT 2600

**DARWIN**
Tel 1300 362 072
Fax 08 8941 5400
GPO BOX 1344, Darwin NT 0801

Level 12, NT House
Cnr Bennett & Mitchell Streets
Darwin NT 0801

**HOBART**
Tel 1300 362 072
Fax 03 6233 8966
GPO Box 960
Hobart Tas 7001

Ground Floor
99 Bathurst Street
Hobart TAS 7000

**MELBOURNE**
Tel 1300 362 072
Fax 03 9867 3750
Level 1
441 St Kilda Road
Melbourne VIC 3004

**PERTH**
Tel 1300 362 072
Fax 08 9221 4381
PO Box Z5386
St Georges Terrace
Perth WA 6831
Level 12, St Martin's Tower
44 St Georges Terrace
Perth WA 6000

**SYDNEY**
Tel 1300 362 072
Fax 02 9211 4402
PO Box K825
Haymarket NSW 1240

Level 7, North Wing
Sydney Central
477 Pitt Street
Sydney NSW 2000

### Достапни служби кои ќе ви помогнат да поднесете жалба

Ако не зборувате англиски добро ние можеме да ви помогнеме преку **Службата за преведување** на тел. 131 450

Ако имате проблем со слухот, видот или говорот **Службата за преведување** ви е достапна преку **Националната релеј служба** на тел. 133 677 .